Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor
dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR
Арх.бр. УП1-15 1021/2022

Дата: 07-06-2022

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Боговиње се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на објекти со намена времено сместување (планинска куќа) и сообраќајни, линиски и други инфраструктури на место викано Кодра, КО Пирок – вон градежен реон, Општина Боговиње.**
Површината на планскиот опфат изнесува 9,9 Ха, и предметната локација се наоѓа во границите на III заштитна зона на изворот Рашче.
2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y14022** се составен дел на Решението.
3. Условите за планирање на просторот за изградба на објекти со намена времено сместување (планинска куќа) и сообраќајни, линиски и други инфраструктури на место викано Кодра во КО Пирок, Општина Боговиње, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.


Министерство за животна средина
и просторно планирање на
Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградбата на објекти со намена времено сместување (планинска куќа) и сообраќајни, линиски и други инфраструктури на место викано Кодра во КО Пирок, Општина Боговиње, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштитна на животната средина и подзаконски акти донесени врз нива основа.

5. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор за изградба на објекти со намена времено сместување (планинска куќа) и сообраќајни, линиски и други инфраструктури на место викано Кодра, КО Пирок – вон градежен реон, Општина Боговиње, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Боговиње, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 41675 од 10.03.2022 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Условите за планирање на просторот за изградба на објекти со намена времено сместување (планинска куќа) и сообраќајни, линиски и други инфраструктури на место викано Кодра, КО Пирок – вон градежен реон, Општина Боговиње. Површината на планскиот опфат изнесува 9,9 Ха.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на објекти со намена времено сместување (планинска куќа) и сообраќајни, линиски и други инфраструктури на место викано Кодра во КО Пирок, Општина Боговиње, и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1021/2022 од 31.05.2022 година.

Условите за планирање на просторот за **изградба на објекти со намена времено сместување (планинска куќа) и сообраќајни, линиски и други инфраструктури на место викано Кодра, КО Пирок – вон градежен реон, Општина Боговиње.** претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство:** Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Изготвил/Одобрил:
Соња Фурнаџиска